# ПРОЕКТ ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## МОНЕТИ И БАНКНОТИ

Народната банка на Република Македонија е институција што ја креира и спроведува монетарната политика. Притоа, таа одлучува колку банкноти и монети да пушти во оптек, односно колку монети да се исковаат и колку банкноти да се отпечатат. Таа се грижи да не се пуштат премногу пари во оптек и при тоа да не дојде до пораст на цените, односно до инфлација.

Како што е познато, паричната единица во Република Македонија е денар, а со денари не можеме да плаќаме во другите држави. Кога се патува во странство, се користат други валути. На пример: евра, долари, фунти...

Македонските пари се прават во Народната банка на Република Македонија.

Книжните пари се нарекуваат банкноти и тие се среќаваат во апоени од: 10, 50, 100, 500, 1 000, 5 000 денари.

Металните пари се нарекуваат монети, а ги има во апоени од: 1, 2, 5,10 и 50 денари.

Секоја банконата и монета има предна страна (аверс) и задна страна (реверс). На нив се насликани обележја од поднебјето на нашата држава (на пример шарпланински пес на монетата од 1 денар, охридска пастрмка на монетата од 2 денари, планински рис на монетата од 5 денари, паун – мозаик од Стоби на банкнотата од 10 денари и др.).

Народната банка се грижи секоја паричка да има заштитни елементи за да не може да се фалсификува. Банкнотите содржат повеќе заштитни елементи како што се: воден печат, заштитен конец, интаглио печат, скриена слика, микротекст, двоен пасер и оптички варијабилна боја.

На тој начин се штитиме од лажни, фалсификувани пари.



Илустрации: Ивона Мицевска

За прашањето објавено во записот ЕДУКАТИВНА НАСТАВА, награди добија:

Ивана Поповска, 6–1 одд., ОУ „Гоце Делчев", Скопје – касичка

Анастасија Попова, 7–в одд., ОУ „Н. Н. Борче", Скопје – паричник

Бранкица Гешоска, 7–3 одд., ОУ „Блаже Конески", Виница – сложувалка

**Наградно прашање: Како се нарекуваат предната и задната страна на парите?**

КУПОН
НАШ СВЕТ (монети)
ДЕТСКА РАДОСТ
ПРОСВЕТНО ДЕЛО
ул. „Димитрие Чуповски", бр.15
1 000 Скопје

Точниот одговор на прашањево (заедно со вашето име, презиме, одделение, училиште и град) испратете го на нашата адреса најдоцна до 8 мај.
Тројца најсреќни учесници ќе добијат награда, а нивните имиња ќе ги објавиме во НАШ СВЕТ бр. 33.